

**БИОГРАФИЈА**

**ДЕЈАН КОШУТИЌ, ДИПЛ. ЕЛ. ИНЖ.**

**ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР И**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР НА**

**ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ**

**Дејан КОШУТИЌ,** по националност Србин, е роден 1969 година во Косовска Митровица. Основно образование завршил во Скопје. Средно образование завршил во СУГС „Орце Николов" во Скопје, елетро-техничка насока. Дипломирал на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот Св. Кирил и Методиј - Скопје во 2009 година, на тема: „Електрични машини, погони и автоматизација во *Mitsubishi KX2 Multi Driven Inverter Systems*", со што се стекнал со звање дипл. ел. инж. - Енергетика и индустриска автоматизација.

Своето долгогодишно и мошне плодно работно искуство го започнал во 1996 година како Проектен менаџер во Омнитрејд Скопје, каде работел на проектирање и инженеринг на системи за климатизација *Mitsubishi.*

Во 2002 година, од страна на Владата на РСМ е назначен за Заменик министер на транспорт и врски при Министерство за транспорт и врски на РСМ. За време на неговиот четири годишен мандат (2002-2006) како Заменик Министер, раководел и управувал со бројни и значајни проекти и преговори со меѓународни организации, од кои по својата значајност, како клучни, се издвојуваат:

- Реструктурирање на Македонски железници со: Припрема и усвојување на нови закони за железница и трансформација на железницата; Репрограмирање на конвенциски обврски кон странски железници за период 1991-94; Преговори и договор со Мисијата на Светска Банка за заем од 15 милиони евра; Подготовка и изработка на 5-годишен бизнис план.
- Скопска обиколница фаза II со: Преговори и договор со ЕБОР за финансирање и
- Реконструкција на мостови на Коридор X со: Преговори и договор со НАТО за Грант од 35 милиони евра за реконструкција.

Од 2008 година е назначен за Извршен Директор на Скопски Саем Група, каде раководел со бројни развојни проекти, управување со имот и организација на настани.

Од 2021 година е назначен за Раководител на странски пазари во ДГ БЕТОН АД Скопје.

Во 2023 година е избран за Проектен Директор во *BIG MEGA RENEWABLE ENERGY* / БИГ МЕГА МЕНАЏМЕНТ, со Раководење на менаџмент компанијата и проектните компании на клучните проекти:

- PVPP Пробиштип 1 – Sky Solar (120MW),
- PVPP Пробиштип 2 – Dam Energy (130MW) и
- PVPP Штип Солар (80MW).

Како долгогодишен искусен менаџер со локално и меѓународно искуство на високо професионално ниво во работењето, со извонредни деловни вештини во стратешко планирање и имплементација со докажана евиденција во поддршка на деловните потреби, се истакнува во неговите области на експертиза, кои вклучуваат: Комерцијален недвижен имот; Проектен менаџмент; Проектно инженерство; Развој на деловен план; Развој на нови бизниси; Менаџмент консултации; Организација на настани; Трговски центри; Реструктурирање; Подобрување на перформанси; Кризен менаџмент и др.

Реализирал значајни проекти и достигнувања во областите на: Управување со големи проекти за обновлива енергија; Реструктурирање на Македонски железници; Преговори и обезбедување финансирање од НАТО, ЕБРД, СВЕТСКА БАНКА; Развој на нова законска регулатива во различни сектори: Железници, Реструктурирање на железници, Градење, Урбанистичко планирање, Електронски комуникации, Радиодифузија, Воздушна пловидба. Учествувал на бројни домашни и странски конференции, самити, симпозиуми, работилници и др.

Поседува професионални лиценци издадени од Комората на овластени архитекти и овластени инженери на РСМ:

- Лиценца А за проектирање на електротехника и
- Лиценца А за надзор на електротехника.

Со Одлука на Надзорен одбор на Железници на Северна Република Македонија Транспорт АД-Скопје, на 10.07.2024 година е назначен за Генерален директор и Претседател на Управен одбор на Железници на Северна Република Македонија Транспорт АД-Скопје (ЖРСМ Транспорт АД-Скопје).



**BIOGRAPHY**

## DEJAN KOSHUTIKJ, graduated electrical engineer

**DIRECTOR GENERAL and**

**CHAIRMAN OF THE BOARD OF DIRECTORS**

**RAILWAYS OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA TRANSPORT JSC-SKOPJE**

**Dejan KOSHUTIKJ,** Serbian by nationality, was born in 1969 in Kosovska Mitrovica.

He completed his primary education in Skopje and continued his secondary education at SUGS "Orce Nikolov"- education and training for electrical technicians, in Skopje.

He graduated at the Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies at the University of St. Kiril and Metodij - Skopje in 2009, on the graduate thesis: "*Electrical machines, drives and automation in Mitsubishi KX2 Multi Driven Inverter Systems“,* thus acquiring a title of graduated electrical engineer - Energy and industrial automation.

He started his long and very productive work experience in 1996 as a Project Manager at “Omnitrade Skopje”, where he worked on the design and engineering of air conditioning systems *Mitsubishi*.

In 2002, he was appointed by the RNM Government as a Deputy Minister of Transport and Communications at the Ministry of Transport and Communications of RNM. During his four-year mandate (2002-2006) as Deputy Minister, he governed and managed numerous and significant projects and negotiations with international organizations, of which, according to their importance, the following stand out as key:

- Restructuring of Macedonian Railways with: Compilation and adoption of new railway laws and restruction of the railway; Reprogramming of convention obligations towards foreign railways for the period 1991-94; Negotiations and agreement with the World Bank Mission for a loan of 15 million euros; Strategize and development of a 5-year business plan.

- Skopje ring road phase II with: Negotiations and agreement with EBRD for financing and Reconstruction of bridges on Corridor X with: Negotiations and agreement with NATO for a Grant of 35 million euros for reconstruction projects.

Since 2008, he has been appointed Executive Director of the Skopje Fair Group, where he has been in charge of numerous development projects, property management and event organization.

Since 2021, he has been appointed Head of Foreign Markets at DG BETON AD Skopje.

In 2023, he was elected as the Project Director in BIG MEGA RENEWABLE ENERGY / BIG MEGA MANAGEMENT, where he managed the company and project companies on key projects:

- PVPP Probishtip 1 – Sky Solar (120MW);

- PVPP Probishtip 2 – Dam Energy (130MW) and

- PVPP Shtip Solar (80MW).

As a long-term experienced manager with local and international experience at a highly professional working level, with outstanding business skills in strategic planning and implementation with a proven results in supporting and meeting business needs, he excels in his areas of expertise, which include: Commercial Real Estate; Project management; Project engineering; Business plan development; Development of new businesses; Management consulting; Organization of events; City malls; Restructuring; Performance improvement; Crisis management etc.

He has successfully implemented significant projects and achievements in the areas of: Management of large renewable energy projects; Restructuring of Macedonian Railways; Negotiations and provision of financial resources from NATO, EBRD, WORLD BANK; Development of new legislation in various sectors: Railways, Restructuring of Railways, Construction, Urban Planning, Electronic Communications, Broadcasting, Aviation. He attended numerous domestic and foreign conferences, summits, symposiums, workshops, etc.

He holds professional Certificate of licenses issued by the Chamber of Certified Architects and Certified Engineers of the RSM:

- Certificate of License A for electro-technical projects and

- Certificate of License A for supervision of electro-technical projects.

By Decision of the Supervisory Board of the Railways of the Republic of North Macedonia Transport JSC-Skopje, on 10.07.2024, he has been appointed as the Director General and President of the Management Board of the Railways of the Republic of North Macedonia JSC-Skopje (RRNM Transport JSC-Skopje).